ДЕ-ПК-001_ЗП03

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ, ЖИВОТНА СРЕДИНА И БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

**ДЕТОИЛ ДОО** ја утврдува оваа политика за квалитет, животна средина и безбедност и здравје при работа заради обезбедување на услугите кои им ги испорачува на клиентите, во целост да ги исполнуваат нивните барања и да бидат според важечките законски прописи и национални и меѓународни стандарди.

Насоченоста кон потребите на клиентите и задоволството на клиентите од извршената работа се најважните вредности според кои **ДЕТОИЛ ДОО** ја мери и ја одредува својата успешност.

**За постигнување, одржување и зајакнување на тие вредности, трајно се обврзуваме:**

- Да вработуваме стручен и амбициозен персонал кој ќе има можност и обврска постојано да се развива и усовршува
- Да набавуваме најсовремени материјали и опрема, како и да ја одржуваме и подобруваме инфраструктурата и животната средина за пријатна работа
- Да негуваме и развиваме партнерски односи со добавувачите
- На клиентите да им нудиме најоптимални и целосни решенија
- Да реализираме решенија кои во целост ги подржуваат барањата и потребите на клиентите
- Да водиме грижа за животната средина и околина
- Рационално да ја трошиме енергијата, суровините и останатите природни ресурси
- Да спречуваме создавање на отпад и вршиме класифицирање на отпадните материјали според можностите за нивно рециклирање
- Да бидеме одговорни кон вработените преку воведување на безбедносни мерки, намалување на ризикот од повреди и здравствени проблеми
- Да соработуваме со сите заинтересирани страни со отворен и културен дијалог, со цел заеднички да се допринесе за подобрување на безбедноста и здравјето при работата
- Да ја применуваме и подобруваме ефикасноста на системите за управување со квалитет, животна средина и безбедност и здравје при работа, втемелени на барањата на меѓународните норми ISO 9001:2015, ISO 14001:2015 и ISO 45001:2018 и да тежнееме кон надминување на висината на тие барања
- Да поставуваме амбициозни, мерливи и остварливи цели за квалитет, животна средина и безбедност и здравје при работа.

Секој вработен во компанијата мора да биде запознаен со политиката, да ја прифати и почитува како трајно начело во сопственото работење.

Куманово, 01.03.2023

**ДЕТОИЛ ДОО**
**Управител**